**Индекс на Перцепција на Корупцијата за 2018:**
**Забелешка на Техничката Методологија**

Индексот на Перцепција на Корупцијата (ИПК) собира податоци од бројни различни извори што овозможуваат согледувања од деловниот сектор ин експертите од земјите на ниво на корупција во јавниот сектор.

За да се пресмета ИПК, се следат следните чекори:

1. **Избор на изворите на податоци:** Секој извор на податоци што се користи за да се изведе ИПК мора да ги исполнува следните критериуми за да биде сметан како важечки:
   - Квантитативни согледувања за корупција во јавниот сектор
   - Да е базиран на веродостојна и важечка методологија, која ги оценува и рангира повеќето земји на иста скала
   - Да е изведен од кредибилитетни институции и очекувано регуларно да се повторува
   - Да им дозволува доволен број на варијации на резултатите за да се разликуваат земјите
   - Овозможува рангирање на значителен број на држави
   - Рангирањето е овозможено од страна на експерт од страна на државата или пак личност од бизнис секторот
   - Институцијата ја повторува проценката барем на секои две години

   ИПК за 2018 е пресметан така што се користени 13 различни извори на податоци од 12 различни институции, што ги опфаќаат согледувањата за корупција во последните 2 години. Овие извори детално се опишани во дополнителниот документ за опис на изворите.

2. **Стандардизирани извори на податоци** на скала од 0-100, каде 0 означува највисоко ниво на корупција, а 100 е еднакво на најниското ниво на перцепирана корупција. Оваа стандардизација се врши со одземање на средната вредност на податокот од секој извор во основната година од секој резултат на земјата и потоа со поделба со стандардното отстапување на тој извор во основната година. Ова одземање и поделба со користење на параметрите на основната година осигурува дека резултатите од ИПК се споредливи од година во година од 2012 година. По оваа постапка, стандардизираните резултати се трансформираат на скалата на ИПК со множење со вредноста на стандардно отстапување на ИПК во 2012 година (20) и додавање на податокот на ИПК во 2012 година (45), така што сетот на податоци одговара на скалата од 0-100 на ИПК.

3. **Пресметување на просекот:** За некоја земја или територија да биде вклучена во ИПК, треба да има минимално три извори кои се проценуваат. Тогаш, ИПК на земјата се пресметува како просек од сите стандардизирани резултати достапни за таа земја. Резултатите се заокружени на цели броеви.

4. **Известување за мерка на несигурност:** ИПК е придружен со стандардна грешка и интервал за доверливост поврзан со резултатот, што ја опфаќа варијацијата во резултатите на изворите на податоци достапни за таа земја/теритоторија.